# ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
## РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ТЕРИТОРИЈАЛНА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА
ВАЛАНДОВО

# ПРОГРАМА

ЗА РАБОТА НА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА
ВАЛАНДОВО ЗА 2026 ГОДИНА

Декември, 2025 година

# П Р О Г Р А М А

## ЗА РАБОТАТА НА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА ВАЛАНДОВО ЗА 2026 ГОДИНА

**I. Општ дел**

Основа на Програмата за работа на ТППЕ Валандово во 2026 година, се надлежностите утврдени со Законот за пожарникарството и другите закони со кои се уредуваат надлежностите на противпожарните единици,како и подзаконските акти кои се однесуваат на работењето на ТППЕ.

Со Програмата се утврдуваат активности кои ТППЕ Валандово планира да ги реализира во 2026 година, а кои се во функција на успешно спроведување на своите надлежности, кои се од јавен интерес и добробит за сите.

ТППЕ Валандово своите надлежности ќе ги извршува со 10 извршители, од кои 1-Овластено лице кои ќе ги врши работните задачи на Командир, 4-Пожарникари спасители-водачи на група и 5-пожарникари спасители. Доколку се создадат услови во текот на 2026 година, ќе се исполни законскиот минимум од 13 професионални пожарникари кои треба да ги има ТППЕ Валандово.

Со цел за навремено, ефикасно и организирано спроведување на активностите од противпожарната заштитата и спасувањето, ТППЕ Валандово и во 2026 година ќе продолжи со континуирана соработка со релевантни субјекти од областа на противпожарната заштита.

**II. Цели**

Основните цели на оваа Програма ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за реализирање на надлежностите на планот на противпожарната заштита од аспект на:

- гаснење на пожари, спасување на животот на граѓаните и заштита на имотот,загрозени од пожари и експлозии, укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации, како и извршување на други работи при несреќи и непогоди;
- обезбедување на навремено истакнување на опасноста, благовремено откривање и елиминирање на причините за настанување на пожари и други видови непогоди;
- обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и координираност.

**III. Активности**

Активностите предвидени со оваа Програма ќе бидат насочени кон обезбедување на услови за квалитетно, брзо и ефикасно извршување на надлежностите, а ќе се реализират со следната динамика:

**1.Гасење на пожари и спасување на лица и материјални добра загрозени од пожар,собраќајни несреќи и други елементарни непогоди.**

РОК: јануари-декември

**2.Вршење на технички интервенции.**

Техничките интервенции ќе се вршат во согласност со можностите на единицата ,во смисла на опременост и сл.

РОК: јануари-декември

**3.Вршење анализа на поголеми и поспецифични пожари.**

Во текот на годината ќе се вршат поопсежни анализи на поголеми и поспецифични пожари во чие гаснење има учествувано ТППЕ Валандово.

РОК: јануари-декември

**4.Стручно оспособување и усовршување на пожарникарите.**

Стручното оспособување и усовршување на пожарникарите ќе се врши според посебен План за изведување на стручна настава и обука на вработените во ТППЕ-Валандово за 2026 година,изготвен во согласност со Инструкцијата бр.231-6083/1 од 26.02.2002 година и според потребата на единицата.

Врз основа на годишниот план ќе се изготвуваат посебни месечни планови за стручно оспособување и усовршување на вработените во ТППЕ.

РОК: јануари-декември

**5.Обуки.**

Во текот на 2026 година со вработените ќе се изведуваат обуки за гаснење на пожар,за правилно користење и одржување на пп-опремата и средствата за гасење и технички интервенции (спасување и извлекување на лица повредени во собраќајни несреќи).

РОК: јануари-декември

**6.Испитување на исправноста на заштитната опрема.**

Оваа активност ќе се извршува во согласност со пропишаните законски норми.Притоа после секоја употреба на заштитна опрема ќе се превземат соодветни мерки за нејзина проверка и одржување во исправна состојба.

Испитување на опремата ќе се врши согласно со техничките нормативи, стандарди и упатства на производителот,а најмалку еднаш годишно.

РОК: јануари-јули

**7.Водење на евиденција за работата на ТППЕ.**

Во ТППЕ се води следната евиденција:

-Дежурна книга за дневен распоред и дневни извршени работи и забелешки.

-Месечен распоред за работа.

-Книга за дневни активности на дежурните смени

-Евиденција за реализирана настава.

-Картон за евиденција на пп-возила,поминати километри и ставено гориво.

-Дојава за пожар.

-Информации за пожар со опис и тактички настап на интервенцијата со скицирана ситуација на теренот.

-Посебна книга за секое пп-возило со евиденција за потрошено гориво, дефекти, поправки и сл.

-Книга за евиденција за користење на годишни одмори,слободни денови и сл.

-Наредба за работа подолга од редовното работно време.

-Регистер за издадени писмени наредби за работа подолга од полното работно време.

РОК: јануари-декември

**8.Превентивни мерки.**

Во 2026 година на планот на превентивните активности,од страна на ТППЕ Валандово ќе се спроведат предавања од областа на заштитата од пожари во одредени претпријатиа и установи.

Ќе се врши превентивно информирање на граѓаните преку средствата за јавно информирање (радио и телевизија со која соработува општината).Притоа во летната сезона ќе се спроведе презентација на превентивните мерки за заштита од пожари на отворен простор,а во зима со соодветни мерки актуелни за почетокот на грејната сезона.

РОК: јануари-декември

**9.Техничко опремување на ТППЕ.**

Техничкото опремување ќе се врши во согласност со прописите со кои се пропишува минимална техничка опрема и средства за гасење на пожар кои треба да ги поседува ТППЕ.Притоа за потребите од соодветно техничко опремување на ТППЕ ќе се доставува соодветно барање до Градоначалникот на општината.

РОК: Мај

**10.Соработка.**

Во текот на годината ТППЕ ќе остварува соработка со ОППС Валандово и со претпријатија кои стопанисуваат со шуми, земјоделски површини, водоводна мрежа, електрична енергија и сл.

Во зависност од активностите на ОППС и ДПД во општината,ќе се прилагоди и соработката со истите.

Соработката со претпријатијата кои стопанисуваат со шумите ќе се насочи кон превземање на обострани превентивни мерки за сведување на шумските пожари на минимум преку поставување на пароли,ПП-стражи,набљудувачки места и сл, како и организирано дејствување во локализирањето и гаснењето на пожарите.Во рамките на таа соработка ќе се извршат предавања од ПП-заштита за вработените од тие претпријатија.

Со претпријатијата кои стопанисуваат со житни култури вклучувајќи ги и приватните земјоделски стопанства со житни култури ќе се соработува за превземање на противпожарни мерки пред,за време и по завршувањето на жетвата.

Соработката со ЈП,,Комунален сервис,, ќе биде насочена кон перманентно одржување на хидрантската мрежа наменета за брзо полнење на ПП-возилата,со што ќе се овозможи брзо и ефикасно дејствување на единицата.

Ќе продолжи соработката со приватното претпријатие ,,Страиште,,кое несебично ја помага ПП-единицата,ставајќи и ги на располагање хаварисаните и стари возила за изведување на практичните вежби за спасување на лица загрозени во собраќајни незгоди и давање на прва помош.

Во соработка со ОО,,Црвен Крст,,Валандово ќе се спроведува едукацијата за давање на прва медицинска помош.

Со претпријатието што врши дистрибуција на електрична енергија,соработката пред се ќе биде насочена на активностите кои треба да бидат преземени од страна на дежурните работници (диспечери,монтери...) кои во случај на интервенција за гасење на пожар ќе треба да исклучат објекти од електричното напојување.

РОК: јануари-декември

**11.Посета на приватни и јавни претпријатија во општината.**

Од аспект на ПП-заштита во текот на годината ќе се направат посети на објекти и институции со висока пожарна загрозеност (бензински станици,енергетски постројки,складишта со високи запаливи материи) се со цел запознавање на нивната инфраструктура од аспект на ПП-заштита,организирање предавања од превентивен карактер,показни вежби со вработените и сл.

РОК: јануари-декември

**12.Вршење на смотра во ТППЕ.**

Вршење на смотра на ТППЕ ќе се одвива во согласност со пропишаните законски постапки.

РОК: јануари-декември

**13.Подготовка на ТППЕ и други учесници во заштита и гасење на пожари пред настанување на летниот и зимскиот период.**

Подготовките на ТППЕ пред настанување на летниот т.е. зимскиот период ќе бидат насочени и ќе бидат во функција на реалните потреби.

Во летниот период како статистички најкритичен за пожари,покрај редовната приправност ќе се воведе и домашна приправност за останатите слободни пожарникари.

Ќе се реализира теоретска настава за постапување со пожари на отворен простор.

Ќе се изврши преглед на исправноста и ќе се спроведе практична обука за употреба на карактеристичната опрема за вакви интервенции.

Ќе се изврши обука на возачите за запознавање со приодните и алтернативни патишта во одредени селски населби.

Во зимскиот период кој се карактеризира со посебен вид на ПП загрозеност ќе се посвети внимание за таквите опасности.ПП возилата,справите и опремата ќе се подготват за работа при ниски температури.Тоа предвидува низа активности како техничко средување на возилата(антифриз,затоплување на гаражите и сл.)

РОК: јануари-декември

**14.Изготвување на интерни упатства.**

Во рамките на оваа активност ќе се изготват:

- Распоред за работа (дневни и ноќни смени);
- Неделен распоред за работа и работни задачи во ТППЕ;
- Распоред за користење на годишни одмори;
- Телефонски броеви и шифри со кои ТППЕ соработува при гасење на пожари,елементарни непогоди и други опасности кои ги загрозуваат животите на луѓето и нивните материјални добра.

РОК: јануари-декември

**15.Изготвување на картотека на објекти на улици и хидрантска мрежа.**

И во 2026 година ќе се работи на перманентното ажурирање на картотеката на објекти со постоечка хидрантска мрежа.

Ќе се врши ажурирање и на картотеката на улици која ќе ја покаже вистинската состојба на уличната инфраструктура,а со тоа и проодноста на улиците и достапноста на хидранската мрежа.

РОК: јануари-декември

**16.Сервисирање на ПП-апарати и опрема.**

Сервисирањето на ПП-апарати и другата ПП-опрема ќе се врши согласно техничките упатства на производителот на опремата.

РОК: јануари-декември

**17.План за мобилизација на слободни пожарникари.**

Во почетокот на летниот период ќе се изврши една до две мобилизации на слободните пожарникари во утринските или попладневните часови,за да се утврди потребното време за пристигнување од местото на живеење до кругот на ТППЕ и потребата од превземање на дополнителни мерки за подобрување на подготвеноста.

РОК: јануари-јули

**18.Укажување на стручна помош на граѓани, правни лица и јавни претпријатија и други јавни установи.**

ТППЕ ќе укажува стручна помош на граѓани, претпријатија и други правни субјект, доколку се појави потреба и се обезбедат услови за тоа.

РОК: јануари-декември

**19.Преглед на земјоделската механизација-атомизери и друга ПП опрема за гасење на пожари која може да ја користи ТППЕ.**

Во текот на годината ќе се направи увид на терен и ќе се изготви преглед на целокупната механизација и опрема (трактори,багери,скипови,атомизери и сл),која би можела да и се стави на располагање на ТППЕ и биде во функција за успешно справување со пожари со сопствениците на механизацијата,односно ќе се стапи во контакт заради постигнување на спогодба за користење на истата во случај на потреба.

РОК: јануари-декември

**20.Преглед на ПП возила кај соседните ТППЕ кој можат да бидат на располагање за учество во случајна појава на поголеми пожари на територијата на нашата општина.**

**1. ТППЕ-Гевгелија**

ТАМ - 170 (навално) ________________________ 4000 лит.
ФАП - 1314 (пратечко) _______________________ 7500 лит.
МЕРЦЕДЕС (пратечко)_______________________ 5000 лит.
ДАФ - 210 (навално) _______________________ 4000 лит.
САН ЈОНГ (теренско возило-џип)_______________ 300 лит.
ФОРД (пратечко)_____________________________ 3500 лит.

**2. ТППЕ-Струмица**

МЕРЦЕДЕС (прашок) _______________________ 2000 кгр.
ФАП 1321 (навално) _______________________ 3000 лит.
ФАП 1620 (пратечко) _______________________ 7500 лит.
ФАП 1321 (пратечко) _______________________ 7500 лит.
ДАФ 210 (навално) _______________________ 4000 лит.
ВОЛВО (навално)__________________________ 1800 лит.
АМАРОК (теренско возило-џип)_________________ 300 лит.

3. **ТППЕ-Неготино**

ФАП 1314 (навално) ________________________ 3500 лит.
ФАП 1314 (пратечко) ________________________ 7500 лит.
ФАП 1314 (пратечко) ________________________ 7500 лит.
ДЕНИС (навално) ________________________ 1800 лит.
ТОЈОТА ХИЛУХ (теренско возило-џип)___________ 300 лит.

РОК: јануари-декември

**21.Соработка со командирите на ТППЕ со кои граничи Општина Валандово.**

Заради уредување на заедничкиот настап при интервенции за гасење на пожари и начинот на барање и давање на помош од друга општина,ќе се оствари заедничка средба со командирите на ТППЕ Гевгелија,Струмица,Радовиш,Неготино и ДПД Дојран и Конче.

РОК: јануари-декември

**22.Одржување на објектот на ТППЕ.**

Тековното одржување на објектот на ТППЕ Валандово ќе се врши од страна на вработените,додека потребите од поголеми интервенции на објектот ќе се решаваат во соработка со општината.

Сегашната состојба на објектот на ТППЕ ги задоволува потребите за успешно функционирање на единицата, а се располага и со гаражи за сите ПП-возила на ТППЕ Валандово.

РОК: јануари-декември

**23.Изготвување на месечен извештај за работата на единицата.**

Месечен извештај за работењето на ТППЕ ќе се изготвува до секој 5-ти во наредниот месец и ќе се доставува до Градоначалникот и архивата на ТППЕ Валандово.

РОК: јануари-декември

**24.Други активности во функција на заштита од пожари.**

ТППЕ ќе реализира и други активности кои се во функција на заштита од пожари на подрачјето на општината, и истите ќе се планираат со месечните планови за работа на ТППЕ.

РОК: јануари-декември

Изготвил:
Овластено лице кое врши работни задачи
на Командир на ТППЕ Валандово
Горан Дилберовски
____________________

Одобрил:
Градоначалник

Ѓоко Камчев
________________